Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 164/0306
07.05 2018 год.
Скопје

04.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 април 2018 година, врз основа на примена жалба од Гоце Трпковски против интернет порталот „Скопје инфо“ одлучи за следново:

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ЖАЛБАТА ОД СТРАНА НА ПОДНОСИТЕЛОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 април 2018 година, Гоце Трпковски поднесе жалба за текстот насловен „Скопје ќе го допре небото: Четирите згради во Аеродром нема да бидат највисоки облакодери“, објавен на 13 април 2018 година, на интернет порталот „Скопје инфо“ (www.skopjeinfo.mk).

Во жалбата се наведува дека во рамките на текстот на „Скопје инфо“ неовластено е преземена мапа од Балканската истражувачка репортерска мрежа – БИРН Македонија.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Скопје инфо“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Скопје инфо“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 30 април 2018 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Иако Комисијата утврди прекршувања на Кодексот на новинарите, во делот на непочитување на авторски права, сепак одлучи да го затвори случајот. Подносителот на жалбата Гоце Трпковски ја информира Комисијата дека ја повлекува жалбата и посочи дека неовластено преземената мапа на БИРН Македонија, во меѓувреме, била отстранета од интернет порталот „Скопје инфо“.

*„Ве известувам дека ја повлекувам жалбата што ја поднесов против порталот Скопјеинфо (skopjeinfo.mk) поднесена поради неовластено преземање на дел од содржината и на мапата објавена во мој текст, објавен на Призма. По нашата реакција до порталот Скопјеинфо, тие самите веднаш ги повлекоа спорните содржини“*, информираше жалителот Гоце Трпковски.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата ги потсетува медиумите дека при преземање содржини од друг медиум имаат обврска прецизно да го наведат изворот или авторот. Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело

или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар.

Во исто време, Комисијата потсетува дека генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на интернет, а доколку тој се измени или отстрани, тоа мора да биде јасно назначено.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595